# СЛУЖБА И АКАТИСТ НА СВ. ЈОВАН

## ШАНГАЈСКИ И САНФРАНЦИСКИ ЧУДОТВОРЕЦ



Скопска православна епархија

*Наслов на оригиналот:*

СЛꙋЖБА СВѦТИ́ТЕЛЮ І҆ѠА́ННꙋ, А҆РХІЕПІ́СКОПꙋ ШАНХА́Й҆СКОМꙋ И҆ САН-ФРАНЦИ́ССКОМꙋ, ЧꙋДОТВО́РЦꙋ

Akathist to Our Father among the saints John Archbishop of Changhai & San Francisco the Wonderworker

*Издавач:*
**Скопска православна епархија**

*Превод на Службата од црковнословенски јазик:*
**Александар Божиноски**

*Превод на Акатистот од англиски јазик:*
**Александар Божиноски**

*Лектура:*
**Бобан Митевски**

*Рецензент:*
**Александар Крстаноски**

*Коректура:*
**Славица Лазареска**

*Ликовно и графичко обликување:*
**Милан Јаковчевски**

*Печати:*
**„Европа 92“ - Кочани**

*Тираж:*
500 примероци

**Забелешка**:
Службата на св. Јован Шангајски и Санфранцииски е напишана во оригинал на црковнословенски јазик, додека Акатистот, во оригинал на англиски јазик, е дело на о. Серафим Роуз.

# СЛУЖБА И АКАТИСТ НА СВ. ЈОВАН

## ШАНГАЈСКИ И САНФРАНЦИСКИ ЧУДОТВОРЕЦ

Скопска православна епархија
2011

# 19 ЈУНИ

# СЛУЖБА

## на светителот отец наш Јован, архиепископ Шангајски и Санфранциски, Чудотворец

## НА ВЕЛИКА ВЕЧЕРНА

Пееме: Блажен е оној човек, првиот антифон

На Господи повикав, 8 стихири, глас 6.

Подобен: Всју отложивше:

Да го воспееме Јована, светителот Христов, нам даровениот молитвеник од Бога, кој предавајќи се на непрестајна молитва и укрепуван преку служењето Литургии и причестувањето со Светите Тајни, неуморно одеше во извршување на своите обврски, итајќи во домовите на страдалните и во болничките соби кај безнадежните; затоа покажувајќи се како осветен и милостив, со исцелувачки и пророчки дар се здоби од височините, и сега, на небесата, со смелост се моли за спасение на нашите души (двапати).

Да го воспееме Јована, светителот Христов, на момчињата, девојките и децата возљубениот исцелител, на возрасните мудар и тврд советодавец, на мајките за чедата известител, дарител на благослов на оние кои се крштеваат и венчаваат, најверен молитвеник на испратените во живот вечен, ревнител на убавината и типикот на Богослужбите, пастир и архипастир, кој ги предводеше своите од Бога дарувани овци; нему да му воскликнеме: О, блажен чудотворче Јоване, моли се за нас, кои со љубов те почитуваме!

Исток и запад, север и југ, радувајте се, празнувајќи го споменот на светителот и чудотворец. Небеса, радувајте се, примајќи го новиот ангел, боговдахновениот молитвеник и бесребрениот пастир, благодатниот исцелител, пророк и благовесник, Јован, милостивиот наш застапник и крепкиот наш посредник на Судот.

И овие стихири, глас 3:

Во преподобие и праведност живеејќи на земјата, и добро напасувајќи го Христовото стадо, си го соблекол од себе стариот човек, и нападите непријателски си ги одбил преку неуморно бдение, со многу пост и пламена молитва кон Господа – неа и за нас сега принеси ја, оче Јоване (двапати).

Како да не се восхитиме на никогаш незаспаната трезвеност твоја, и како да не го воспееме посничкото живеење твое? Зашто си се подвизувал во светот, кој во зло лежи, истовремено ревнувајќи како древните пустиножители. Затоа и

си се здобил со вистинска љубов кон Господа; со неа покри нè и нас, кои го почитуваме твојот спомен.

Препашувајќи се со вистината на Православието, добар пастиру на Христовото Евангелие, со прачката на твоите зборови си ги истерал лутите волци кои не го исповедале Христа, вистинската Премудрост Божја, а кои барале друга, непозната премудрост. Затоа, и нас на спасение умудри нè, блажени и богомудри Јоване, кои радосно го почитуваме прекрасниот спомен твој.

Слава, глас 6:

Собирајќи се денес, да го прославиме човекот Божји, избраниот архипастир, светилникот на Руската дијаспора, учителот на различните народи, патникот во овој минлив свет, наследникот на пресветото Царство Небесно, Јован, возљубениот светител; да воскликнеме кон него: Моли Го секогаш Господа за спасение на нашите души.

И сега: Богородичен, догматик од неделниот глас:

Вход. Прокимен на денот и паримии.

Од книгата Изреки читање:

Споменот за праведниот ќе биде благословен, и благословот Господов е врз неговата глава. Блажен е човекот, кој се здобил со мудрост, и човек, што спечалил разум; подобро е да ја добиеме неа, отколку ризници со сребро и злато; таа е поскапа и од скапоцените камења; ни едно зло не може да и се спротивстави; таа им е добро позната на сите што

се приближуваат кон неа, ништо, па и сѐ што ти е мило, не може да се спореди со неа. Во десницата нејзина е долгоденствието, а во левицата ѝ е – богатството и честа; од устата ѝ излегува правда; закон и милост носи на јазикот свој. Слушајте, бидејќи ќе говорам важни работи: Блажен е оној човек, кој ме слуша, станувајќи бодар секој ден при портите мои и стоејќи на стража при вратата моја! Зашто, кој ме нашол мене, нашол живот; и ќе добие благодат од Господа. Кон вас, луѓе, викам, и кон синовите човечки е мојот глас! Јас, премудроста, живеам со разумот и барам расудувачко знаење. Мои се советот и разумноста; јас сум разум, во мене е силата. Ги сакам оние што мене ме сакаат, и кои ме бараат, ќе ме најдат. Научете се, неразумни, на благоразумие, и безумни – на разум. Слушајте, бидејќи ќе говорам важни работи, и устата моја ќе изрече правда; зашто јазикот мој ќе ја изговори вистината; лажливата уста одвратна е за мене. Сите зборови на устата моја се справедливи; во нив нема ни подмолност, ни лукавство; сите тие се јасни за разумниот и справедливи за оние, што се здобиле со знаење. Ќе ве научам на вистината и Господ ќе биде вашата надеж, и ќе се исполните со Духот.

## Од книгата Изреки читање:

Од устата на праведникот тече мудрост, а развратниот јазик ќе биде пресечен. Устата на праведникот го познава благопријатното, устата на нечестивите – развратното. Неисправните мерила се одвратни пред Господа, а точните мерки Нему Му се угодни. Ќе дојде ли гордоста, ќе дојде

и срамот, но мудроста е со смирените. Богатството нема да помогне во денот на гневот, а правдата ќе спаси од смрт. Непорочноста простодушните ќе ги раководи, а лукавството на подмолните ќе ги погуби. Правдата на непорочниот го израмнува неговиот пат, а нечестивиот ќе падне поради својата нечесност. Правдата простодушните ќе ги спаси, а беззакониците ќе бидат уловувани од своето беззаконие. Со смртта на нечестивиот човек исчезнува надежта негова, и очекувањето на беззакониците загинува. Праведникот се спасува од неволја, а место него во неа паѓа нечестивиот. Лицемерниот го погубува со уста ближниот свој, а праведниците се спасуваат со знаење. Кога праведниците живеат во благосостојба, градот се радува, а кога загинуваат безбожниците, настанува веселба. Со благословот на праведните градот се издига, а преку устата на нечестивите се разурушува. Малоумниот искажува презир кон ближниот свој, но разумниот човек молчи.

## Од книгата Мудрост Соломонова читање:

А праведникот и рано да умре, ќе биде во мир, зашто чесната старост не е во долговечноста, ниту се мери со бројот на годините. Мудроста – тоа се белите човечки коси, а непорочниот живот – зрела старост. Откако Му угодил на Бога, праведникот е засакан и, откако живеал меѓу грешниците, Бог го прибрал; грабнат е, злобата да не го измени неговиот разум или подмолноста да не ја заведе неговата душа. Зашто, постојаното правење лошо го помрачува доброто, а виорот на копнежот

го развратува незлобивиот ум. Кој достигнал совршенство за кратко време, тој живеел долго; зашто неговата душа Му била угодна на Господ, затоа и побрзал да ја напушти безбожноста околу него. А луѓето го видоа тоа и не го разбраа, дури и не помислија за тоа, дека Бог има благодат и милост за Своите светии и обзир – за Своите избраници.

### На Литија, стихира на храмот и стихирите на светителот, глас 6:

Уште додека беше дете, те воодушевија Христовите зборови, со кои Господ ги повика своите први апостоли, и вака им рече: „По мене одете, и јас ќе ве направам ловци на луѓе“. И пазејќи на овие Божествени зборови, о смиреномудар Јоване, никако не помисли за себе дека си избран како последните Божји пратеници и маченици. Сам Христос те позна и те прослави. Овенчувањето твое нека ни биде повик на нелицемерно покајание за спасение на душите наши.

### Глас 1:

Со бесплотните сили, кои непрестајно Го слават Бога, достојно си ревнувал, секогаш трезвен и преподобен Јоване со твојата огнена љубов; затоа си им се придружил на нивните хорови.

Те славиме тебе, оче Јоване, голем чудотворецу, како благодатен апостол на безблагодатните времиња, премудар соподвижник на јуродивите и великодушен соревнител на испосниците.

### Слава, на истиот глас:

Непрестајно песнопение и исповедание принесуваш на Бога и Владиката, Кој е чудесен во светиите Свои, во Три Лица нам Познатиот и во една суштина Проповеданиот, Кој го подигна Својот храм во твојата душа и секогаш со Својата светлост те осветлува, а преку тебе и нас нè просветува.

И сега, Богородичен, истиот глас:

Радувај се, Пречиста Дево, радувај се Богоневесто, радувај се, на верните прибежиште, радувај се, на светителите непрестајно пеење, радувај се, што му дари на угодникот Твој, блажениот Јован, да ги подигне Твоите храмови. Примајќи ги неговите молитви, спаси ги оние кои благочестиво Те почитуваат.

Стиховни стихири, глас 1.

Подобен: Небесни чинов:

Молејќи се и бдеејќи дење и ноќе, си ги победувал сите непријателски искушенија, многутрпелив светителу Јоване, кој од младост си посакал да ѝ служиш на правдата Божја; и постојано тежнеејќи кон Небесното Царство, си ги милувал оние на земјата, утешувајќи ги.

Глас 6:

Стих: Нивниот глас се разнесе по целата Земја, а нивните зборови до краиштата на Вселената.

Трулежната наслада откако целосно си ја отфрлил, Господ Твој си го следел и пастирски

жезал, како тежок крст откако си зел, овците твои си ги упатил, пред нив одејќи и по име призивајќи ги. И ние, препознавајќи го твојот добар глас, се обидуваме да те следиме. А ти, кој во радоста на Твојот Господ сега влезе, остани неразделен од нас.

Стих: Небесата ја објавуваат славата на Бога, а за делата на рацете Негови известува сводот небески.

Си се покажал како вистински наставник, благочестив учител на целиот свет и избран сад на Светиот Дух, блажен Јоване. Затоа, сите краишта на земјата те прославуваат, од исток па сè до запад; и доаѓајќи во храмот твој пред твоите мошти, примаат исцеленија и помош во маките, зашто иако во радоста на Твојот Господ си се воздигнал, ти сепак остануваш неодвоен од нас.

Слава, глас 6:

Навистина си бил пример на верните, со зборовите, со животот, со љубовта, со духот, со верата и чистотата; затоа, по целата земја се слушна гласот на твоите поуки. И на небесата си добил награда за твоите трудови, но не се оддели од оние на земјата, оставајќи ни ги твоите мошти како постојан извор на благодат; и сега моли се добар духовен плод да принесеме ние, кои се насладивме со твоите дарови.

И сега, Богородичен, истиот глас:

Творецот и Избавителот мој Христос Господ, кога излезе од Твојата утроба, Пречиста, се облече во мене и од првата клетва Адамова ме ослободи.

Затоа, Сечиста, како на Мајка Божја и Дева, ангелски непрестајно Ти пееме: Радувај се, Владичице, застапнице и покрове, и спасение на душите наши.

## Тропар, глас 5

Грижата што ја пројави за твоето стадо во неговото патешествие е праобраз на молитвите твои, кои за цел свет постојано се принесуваат: така веруваме, познавајќи ја твојата љубов, светителу и чудотворче Јоване. Сиот од Бога осветен преку свештенодејствието на Пречистите Тајни, секогаш со нив укрепуван, си брзал кон страдалниците, исцелителу најсветол. Побрзај сега да ни помогнеш и нам, кои со сето срце те почитуваме (двапати).

И Богородице Дево, еднаш.

Ако нема бдение, тогаш тропарот на светителот еднаш, слава и сега, воскресен Богородичен:

Радувај се врато Господова непреодна; радувај се карпо и засолниште на оние што Ти приоѓаат; радувај се тивко пристаниште; радувај се Ти, што не искуси брак, но со тело Го роди Твојот Творец и Бог. Не престанувај да се молиш за оние што Ѝ пеат и Ѝ се поклонуваат на Твојата Рожба.

## Или овој тропар, глас 1:

Светителскиот дар си го преумножил, апостолски си ревнувал во проповедање на словото; со бденија, пост и молитви си се вброил меѓу преподобните, поднесувајќи клевети и навреди со кротост. Заради тоа, Христос те прослави со чудеса,

кои ги изливаш во изобилие на сите кои со вера притекнуваат кон тебе. И сега, спасувај нѐ со твоите молитви, многучудесен Јоване, светителу Христов (двапати).

И Богородице Дево, еднаш.

Ако нема бдение, тогаш тропарот на светителот еднаш, Слава и нињe, воскресен Богородичен:

Додека Гаврил Ти благовестеше: „Дево, радувај се!“, со гласот се овоплотуваше Господарот на сите, во Тебе – светиот ковчег, како што рече праведниот Давид. Се покажа поширока од небесата, носејќи Го Твојот Создател. Слава Му Оној, Кој се всели во Тебе, слава Му на Оној Кој произлезе од Тебе, слава Му на Оној Кој нѐ ослободи со Твоето раѓање.

## На утрена

На Бог Господ, тропарот на светителот, глас 5:

Грижата што ја пројави за твоето стадо во неговото патешествие е праобраз на молитвите твои, кои за цел свет постојано се принесуваат: така веруваме, познавајќи ја твојата љубов, светителу и чудотворче Јоване. Сиот од Бога осветен преку свештенодејствието на Пречистите Тајни, секогаш со нив укрепуван, си брзал кон страдалниците, исцелителу најсветол. Побрзај сега да ни помогнеш и нам, кои со сето срце те почитуваме (двапати).

Слава, и сега, воскресен Богородичен, истиот глас:

Радувај се врато Господова непреодна; радувај се карпо и засолниште на оние што Ти приоѓаат; радувај се тивко пристаниште; радувај се Ти, што не искуси брак, но со тело Го роди Твојот Творец и Бог. Не престанувај да се молиш за оние што Ѝ пеат и Ѝ се поклонуваат на Твојата Рожба.

Или овој тропар, глас 1:

Светителскиот дар си го преумножил, апостолски си ревнувал во проповедање на словото; со бденија, пост и молитви си се вброил меѓу преподобните, поднесувајќи клевети и навреди со кротост. Заради тоа, Христос те прослави со чудеса, кои ги изливаш во изобилие на сите кои со вера притекнуваат кон тебе. И сега, спасувај нè со твоите молитви, многучудесен Јоване, светителу Христов (двапати).

Слава, и сега, воскресен Богородичен, истиот глас:

Додека Гаврил Ти благовестеше: „Дево, радувај се!“, со гласот се овоплотуваше Господарот на сите, во Тебе – светиот ковчег, како што рече праведниот Давид. Се покажа поширока од небесата, носејќи Го Твојот Создател. Слава Му Оној, Кој се всели во Тебе, слава Му на Оној Кој произлезе од Тебе, слава Му на Оној Кој нѐ ослободи со Твоето раѓање.

По првото стихословие, седален, глас 6:

Служителу верен на Божјото Слово и избран саду на Светиот Дух, домот на душата своја на каменот на заповедите Христови си го утврдил, и разбрануван од ветровите на искушенијата, не падна внатрешниот храм твој: поради тоа ти беше дадена власт да им се заканиш на чувствените бури и земјотреси. Но, и нас сега заштити нѐ од брановите на морето на животот, и води нѐ кон тивкото пристаниште.

Слава, и сега: Богородичен, истиот глас:

Недоволни се зборовите, Владичице, кога треба да се пее за големината Твоја и да се слават чудесата Твои од сите генерации (од род во род); затоа, со малку зборови и со многу надеж како архангелот Ти повикуваме: „Радувај се, благодатна!“

По второто стихословие, седален, глас 5:

Со вера и љубов твојот спомен денес го почитуваме, небесен човеку и земен ангелу; зашто

вистински пустиник во овој многуметежен свет си бил. И умртвувајќи ги сите страсти, си достигнал несогледлива духовна висина, и вистинско светло чудо си бил во мракот на овој век. Затоа, се восхитуваме на твојата голема слава на небесата и умилно го славиме твоето прославување.

Слава, и сега, Богородичен:

Божествената премудрост на Отецот, и Словото што уште пред вековите постои и е нераздело од Божествената слава, од Тебе Богомајко, бедата наша ја прима и во обличје на слуга нетлено се преобразува, за да ги поведе кон првобитната слава и возвишено блаженство оние во дамнина паднатите; заради тоа, Владичице, ние кои преку Тебе се избавивме, немолчеливо Те ублажуваме.

Полиелеи и величание:

Те величаме, светителу, оче Јоване, и го почитуваме светиот твој спомен, зашто се молиш за нас на Христа, нашиот Бог.

Избран псалм: Чујте го ова сите народи; внимавајте вие сите што живеете по вселената.[1]

По полиелеите седален, глас4:

Особен ревнителу за славата на древните светии, за Истокот непознати и од Западот занемарен; по нивните стапки си одел, и со нивното заштитништво си бил покриван, и заедно со нив

---

[1] По псалмовиот стих се пее повторно Величание, Слава и сега, Алилуја 3 пати и повторно Величание.

по смртта си се вселил. Кон твоето застапништво сега прибегнуваме: не презирај нѐ нас бедните, оче Јоване, но во светиот твој собор воведи нѐ и како наемниците од единаесеттиот час, торжествувајќи да застанеме на последно место, меѓу првородените на Црквата.

Слава, и сега, Богородичен, истиот глас:

Собирајќи се денес, торжествено да го прославиме прекрасниот светител Јован, кој Ти подигна храм, Тебе, Владичице, зашто радост на сите ожалостени, и помошник и исцеление на немоќните Си; Тебе Ти се поклонуваме, имајќи го него за посредник: помогни ни нам од слабости изнемоштените и со многу гревови оптоварените, по Твоите молитви брзо да најдеме милост кај Твојот Син и нашиот Бог.

Степени, прв антифон на четврти глас.

Прокимен, глас 4: Скапоцена пред Господа е смртта на Неговите светии.

Стих: Што да Му дадам на Господа за сите Негови добрини што ми ги направи?

*Сѐ што дише, да Го фали Господа.*

ЕВАНГЕЛИЕ според Јован
(35, од средина; Јв. 10:1-9)

Им рече Господ на Јудејците кои дојдоа кај Него: „Вистина, вистина ви велам, кој не влегува низ вратата во овчото трло, а прескокнува од друга стра-

на, крадец е и разбојник. А кој влегува низ вратата, пастир е на овците. Нему вратарот му отвора и овците го слушаат гласот негов, тој ги вика своите овци по име и ги изведува. И кога ќе ги изведе овците свои, оди пред нив; овците одат по него, бидејќи го познаваат гласот негов. По туѓинец никако не одат, туку ќе побегнат од него, зашто не го познаваат гласот на туѓинците.“ Исус им ја кажа оваа парабола, но тие не разбраа што беше тоа за кое им зборуваше. Тогаш Исус им рече пак: „Вистина, вистина ви велам: Јас сум вратата на овците. Сите, кои дојдоа пред Мене, се крадци и разбојници; но овците не ги послушаа. Јас сум вратата: кој ќе влезе преку Мене, ќе биде спасен, и ќе влезе, и ќе излезе, и ќе најде пасиште.“

По 50 псалм, оваа стихира, глас 6:

Денес се радуваат Православните собори и ликуваат светло, величајќи го новиот светилник, чија светлина е рамна на древните светители; кој на крајот на вековите ги просветли сите краишта на земјата: сечудесниот Јован, соиспосник на преподобните и соговорник на светителите, рамен по сила на испосниците, венец и украс на бесребрените лекари, кој постојано се моли за душите наши.

Канон од Молебенот кон Пресвета Богородица, глас 8:

Поминувајќи преку водата:

И Канон на светителот, глас 4:

## Песна 1.

Ирмос: **Кога древниот Израил пеш го мина дното на Црвеното Море, како по суво, со крстоизобразените раце на Мојсеја, силата на Амалак ја победи во пустината.**

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Добро е да ги воспеваме угодниците Божји, во чиј хор радосно ни свети светителот Јован, тешејќи и лекувајќи ги оние кои го повикуваат, и учејќи нè со примерот на многувредното свое житие да бидеме ревносни во помош на несреќните.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

О, желание на Богољубивото срце! Уште од детска возраст си посакал да бидеш поборник за Вистината. Така те пленија житијата на чудесните светии кои ги полагаа животите свои за правдата Божја.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Привремено си бил во недоумица, кој пат за себе да го избереш – војничкиот или граѓанскиот. Но, почувствува во твојата душа уште посилна помисла: целиот да се предадеш себеси во служба на Светата Христова Црква.

Слава на Отецот, и Синот и Светиот Дух, и

сега, и секогаш и во вечни векови. Амин!

Богородичен: Се фалиме со Тебе, Богородице, и Те имаме за непосрамно застапништво пред Бога. Простри ја Твојата непобедлива рака, и истреби ги нашите непријатели; и испрати им помош на слугите Твои од Светиот.

## Песна 3.

Ирмос: **Во Тебе се весели Црквата Твоја, Христе, повикувајќи: Ти си моја крепост, Господи, и прибежиште и утврдување.**

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Со радост го славиме твојот спомен, архипастиру наш и наставнику, и се поклонуваме на твоите чесни и нетлени мошти, просејќи ги твоите молитви.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Си примил ангелски образ, и облекувајќи во сето оружје Божјо, си се наоружал против поднебесните духови на злобата, победувајќи ги.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

О подвижнику, не си им давал доволно сон на очите твои, ниту си легнал на кревет да се одмориш, уподобувајќи се на древните отци.

Слава на Отецот, и Синот и Светиот Дух, и сега, и секогаш и во вечни векови. Амин!

Богородичен: Рај вистински Си животен, Богородице, од гревовната смрт и од многуразличните страсти поскоро избави ме.

Седален, глас 4:

Молитвите твои, оче Јоване, се јавија како огнен столб кој допира до небесата и кој го води Новиот Израил низ животните талкања; затоа, дарувај ни трпение нам, кои те почитуваме, и насади во нашите срца благодарност кон Господа, за да не бидеме осудени со Египетските љубители на месо кои роптаа, но да се удостоиме да ги уживаме нетлените добра од Ветената земја.

Слава и сега, Богородичен, истиот глас:

Поткрепа си ни, Богомајко, и свештено прибежиште, нам, рануваните од нападите на непријателот; и закрилувани од Тебе, наоѓаме простување на гревовите и смелост пред Господа.

Песна 4.

Ирмос: **Кога Те виде на Крстот издигнат, Сонце праведно, Црквата застана цврсто, достојно извикувајќи: Слава ѝ на силата Твоја, Господи.**

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Учителот на многубројни руски архипастири

и водачот на Задграничната Црква (Митрополитот Антониј Краповицки), и самиот ревнител за монашкиот живот, чудо на нашето време те нарече свети Јоване, тебе, кој цврсто си стоел во подвизите.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

„Луѓе, ако сакате да видите жив светител, одете во градот Битола и таму видете го отец Јован!“ Вака рече познатиот српски архипастир, восхитен од особините и делата Јованови.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Карпаторуските младинци – студенти на Македонската богословија, со големо умиление раскажуваа за тебе, за твоето нештедење и за љубовта кон нив, и како со крсниот знак си ги осенувал, одејќи меѓу нив додека спиеле и чувајќи ги додека одмарале.

Слава на Отецот, и Синот и Светиот Дух, и сега, и секогаш и во вечни векови. Амин!

Богородичен: Пречиста Дево и Мајко на нашиот Господ, Која ги милуваш и најгрешните слуги Свои, како пребогата ризница на милосрдие, обнови нè нас, безмерно бедните, Ти, Која си радост и застапничка на сите ожалостени.

## Песна 5.

Ирмос: **Ти, Господи мој, како Светлина Си**

**дошол во светот, Светлино света, Кој ги обраќаш од мракот на незнаењето оние што Ти пеат со вера.**

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Вистински подражател Христов си бил, светителу, душата полагајќи ја за паството свое и непосрамено си се претставил пред Пастироначалникот.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Дарот на исцеление ти се даде уште за време на презвитерството; во деновите на епископството си го преумножил, и си го усовршил во вечниот живот.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Содејственик на преподобниот Наум во исцеленијата си бил, посетувајќи ги домовите на страдалниците со неговата света икона.

Слава на Отецот, и Синот и Светиот Дух, и сега, и секогаш и во вечни векови. Амин!

Богородичен: Богородице Дево, блага Помошничке на целата вселена, Исцелителке на нашите души и тела, услиши нè во овој ден кога Ти се молиме.

## Песна 6.

Ирмос: **Изобразувајќи го тридневното погребение, пророкот Јона, се молеше во китот, извикувајќи: Од пропадливоста избави ме, Исусе, Цару на силите!**

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Пријдете, да го прославиме оној кој го подигна храмот на Богородица, кој и самиот беше радост на сите ожалостени и храм на Светиот Дух.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Си итал кон домовите на страдалниците и во болниците кај болните – за нив ти кажа Господ, како на принесувач на Неговите Пречисти Тајни.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Си се јавил како посредник на болните младенци, за да оздрават, светителу Јоване, претворајќи ја тагата на родителските души во радост, и си се покажал како посакуван помошник на сите возрасти.

Слава на Отецот, и Синот и Светиот Дух, и сега, и секогаш и во вечни векови. Амин!

Богородичен: Се лишивме од Православната татковина, Владичице, кога брановите на гневот Господов над неа поминаа, зашто бевме постанале

пазители на суетата и лагата; но, кога изнемоштеа душите наши, се сетивме на Господа; преку Тебе да допрат пред Него нашата молитва и нашето пеење.

Кондак, глас 4:

Следејќи Го Христа Пастироначалникот, си се покажал како посебен меѓу светителите, зашто си ги спасил овците свои од погибелта на безбожните, приготвувајќи им мирно пристаниште; и имајќи непрестајна грижа за паството, си ги лекувал од душевни и телесни слабости. Моли Го Христа Бога сега и за нас, кои паѓаме пред чесните твои мошти, оче Јоване, за да се спасат во мир нашите души.

Икос: Небесата сега со нас се радуваат и соборот на светиите добива нов и преславен украс: апостолите во целиот свет проповедникот на вселената го целиваат, древните маченици го слават оној кој го славеше нивниот спомен, светителите беседат со рамниот на нив по речитост и премудрост, преподобните му се восхитуваат на будниот подвижник, светите цареви го почитуваат молитвеникот за востанување на православното царство, бесребрениците ја делат со бесплатниот исцелител нетлената и неделива награда. Колку што сеславно беше твоето служење, оче Јоване, толку многу и венци беа исплетени за тебе. Но, заедно со хорот на светиите моли се на Христа Бога за нас, кои се поклонуваме на твоите чесни мошти, во мир да се спасат нашите души.

Песна 7.

Ирмос: **Децата Авраамови во печката персиска, горени повеќе од љубов кон благочестието, отколку пламенот, повикуваа: Благословен си, Господи, во Храмот на Твојата слава.**

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Син на светлината и на денот благодатта навистина те направи: секој ден укрепуван и обожуван од Светите Тајни, си го утврдил срцето твое во Господа.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

По милостивото застапништво твое, верните и неверните се спасуваа и дарови благодатни примаа; и дарувајќи обилно исцеление, не ги оставаше заблудените да пребиваат во мракот на прелеста, но ги учише православно да го воспеваат Царот на славата во сите векови.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Господ прекрасно изли помош и утеха на луѓето свои прогонети, дарувајќи те нам како застапник, светителу Јоване. Но и сега заштити нè од нашите невидливи непријатели, и од рацете на сите кои нè мразат.

Слава на Отецот, и Синот и Светиот Дух, и сега, и секогаш и во вечни векови. Амин!

Богородичен: Отците наши згрешија и беа предадени во рацете на беззаконите непријатели, најлукави на целата земја. Што да направиме, Владичице, ние кои непрестајно ги умножуваме согрешенијата на родителите? И како ќе ги избегнеме бесовските измами, ако Ти не им помогнеш на оние кои се каат и на кои им е потребно спасение.

## Песна 8.

Ирмос: **Даниил, кога ги рашири рацете, ги затвори челустите на лавовите во јамата; и младите момчиња, љубители на благочестието, препашани со добродетели, ја угаснаа огнената сила, повикувајќи: Сите дела Господови, благословувајте Го Господа!**

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Срцето твое се распространи кон сите, кои со љубов ти се молат, светителу Јоване, и си спомнуваат за подвигот на целиот твој многустрадален живот, но и за безболното и лесно твое упокојување, верен служителу на Пречистата Одигитрија.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Ништо не можеше да те спречи кога ги посетуваше чедата твои во болница, добар пастиру – ниту дожд, ниту бура, ниту ноќна темнина; тогаш кога никој не те повикуваше, ти со духот ја предвидуваше нивната нужда, зашто Господ ти помагаше и ти укажуваше, за сите да Го прославуваат

Богот на нашите татковци.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Кога на земјата Православните царства паднаа и беа заборавени, не си престанал да се молиш за победа на благоверните цареви, не менувајќи ги древните песнопенија, зашто нивното царување е благословено од Богот на нашите татковци.

Слава на Отецот, и Синот и Светиот Дух, и сега, и секогаш и во вечни векови. Амин!

Богородичен: Твојата душа Го велича, Владичице, нашиот Господ и Твојот дух се радува на Спасителот и Синот Твој. И, како би се осмелиле да ја прославиме песната Твоја, ако самата не би благоволила пророчки да речеш, „Ќе Ме ублажуваат сите родови“.

## Песна 9.

Ирмос: **Христос, аголниот камен со рака неотсечен, Кој од тебе, Дево, несечената гора се отсече, ги соедини раздвоеите природи. Затоа, веселејќи се, Тебе – Богородице, Те величаме.**

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Итајќи кон страдалниците, душата своја секогаш си ја полагал за овците твои, затоа и ти се даде дар на чудотворство; по твоите молитви слабите се препашаа со сила, и бедните се издигнаа

преку добродетели од гнојните страсти.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Со светлосен зрак си ги осветлил луѓето од твоето паство, оче Јоване, кога нивните души се вознемирија во времето на Божјиот гнев; но Си спомна Господ за милоста Своја и преку тебе ги утеши смирените.

Припев: Светителу, оче Јоване, моли Го Бога за нас.

Кон Божјото царство насочи ги нашите патишта, ти кој Му служеше во преподобие и правда, во сите денови од твојот живот; води го разумот на луѓето твои кон спасение и просвети ги оние што седат во мрак и смртна сенка, блажен оче Јоване, та радосно пеејќи да го прославуваме споменот твој.

Слава на Отецот, и Синот и Светиот Дух, и сега, и секогаш и во вечни векови. Амин!

Богородичен: На мирен пат упати ги нозете наши, Пречиста Владичице, Која им Го донесе на луѓето вистинскиот мир – Твојот Син, Кој преку Крстот го уништи непријателот и древниот противник победоносно го собори.

## Светилен:

„Иако умрев, сепак сум жив! Не тагувајте, луѓе! Ова си го изјавил по твоето упокојување, просветлувајќи ги со таинствена светлост оние кои

ти пеат, оче Јоване, прекрасен светителу.

Слава и сега, богородичен:

Сите светии, празнувајќи се радуваат во Тебе, Богородице Дево, и на Тебе се надеваме ние, многугрешните слуги Твои, повикувајќи: Весели Се и радувај Се, Мајко на Христа Седржителот!

Хвалитни стихири, на 4, глас 4:

Благодарно да Му запееме, верни, на Господа нашиот Бог, и да Го прославиме поради многуте величија Негови, зашто ни дарува одличен застапник, кој на земјата чудотвореше и од небесата гледа на бедните. Сега нему да му принесеме песна, и со страв да се поклониме пред неговите мошти, просејќи проштевање на гревовите и спасение на нашите души.

Да го прославиме добриот пастир и хранителот на децата, зашто покажувајќи ревност за стадото, најмногу се грижеше за децата сираци на кои дом им направи, повикувајќи го светителот Тихон за помош; и не ги остави во мака кога се јави конфликт од безбожниците, преселувајќи ги во тивко пристаниште, одејќи дури до крајот на вселената. По неговите молитви, и нам покажи ни милост, Спасителе.

Принесувајќи песнопојно Бдение, да Го прославиме, верни, Господ нашиот Бог и Неговиот добар служител, кого (Тој) го избра, бидејќи не беше од овој свет; зашто ни покажа пример на трпение и непрестајна молитва, со бдение победувајќи ја

телесната немоќ; и просветлен од Божјата мудрост, беше ревнител на вистинската вера, поучувајќи ги верните на секој начин. Затоа, по неговите молитви, Христе Боже, удостој нè да пребиваме во вистинската вера и благочестие.

Како што ни вели псалмот, сè што дише нека Го фали Господа, Прекрасниот во светиите Свои, Кој на крајот на вековите ни испрати чудесна утеха: Јован, светителот славен во целиот свет, цврст поборник за Вистината, кој остана непоколеблив меѓу соблазните и лагата, нè подигна сите од мрачната прелест и кон спасение ги поведе.

Слава, истиот глас:

Го исповедаме твоето прекрасно застапништво, и не ги криеме твоите чуда кои ги направи врз нас, светителу Јоване, посреднику наш пред Господа; преку нив нè поучуваш нас, маловерните, малодушните и ропотливите на надеж православна – дека со твоите молитви Божјата помош ја имаме, и со неа се спасуваме од овој развратен род, ние кои достојно го почитуваме твојот спомен.

И сега, Богородичен, истиот глас:

Богородице, Царице на сите, пофалбо на православните! Уништи ги нападите на еретиците и посрами ги нивните лица, кои ниту Ти се поклонуваат, ниту го почитуваат чесниот Твој образ, Пречиста.

Големо славословие, тропар и отпуст.

## На Литургија:

На Блаженствата, 8 тропари: од Песна 3 и 6.

Прокимен, глас 1: Устата моја ќе говори мудрост, и мислата на срцето мое – разбирливи нешта.

Стих: Чујте го ова сите народи; внимавајте вие сите што живеете по светот.

Апостол, до Евреите (Евр. 7;26 – 8;2),
зачало 318.

Браќа: Таков Првосвешник и ни требаше: свет, непорочен, неосквернет, одвоен од грешниците и возвишен над небесата. Кој нема потреба, како и другите првосвештеници, секојдневно да принесува жртва прво за гревовите свои, а потоа и за оние на народот, бидејќи Тој го изврши тоа еднаш засекогаш, откако Самиот Себе се принесе како жртва. Зашто Законот за првосвештеници поставува луѓе што се немоќни; а словото на клетвата што е по Законот – Синот, Кој е вечно совршен. А најважното од ова што го зборуваме, е дека имаме таков Првосвештеник, Кој седна од десната страна на престолот на величието на небесата, и е служетел на Светилиштето и на вистинската скинија, што ја постави Господ, а не човек.

Алилуја, глас 2: Устата на праведникот кажува мудрост, а јазикот негов изговара правда.

Стих: Законот на неговиот Бог е во срцето негово; стапките негови нема да се сопнат.

Евангелие, според Јован (Јв. 10, 9-16), зачало 36.

Исус им рече на Евреите, кои дојдоа кај Него: „Јас сум вратата: кој ќе влезе преку Мене, ќе се спаси; и кој ќе влезе, и ќе излезе, и пасиште ќе најде. Крадецот доаѓа само да украде, да убие и погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие. Јас сум добриот Пастир. Добриот пастир си го полага животот свој за овците; а наемникот, кој не е пастир и не е сопственик на овците, ако види дека доаѓа волк, ги остава овците и бега; и волкот ги разграбува и ги распрснува овците. Наемникот бега, зашто е наемник, и не се грижи за овците. Јас сум добриот Пастир: и ги знам Моите, и Моите Ме знаат Мене. Како Мене што ме познава Отецот, така и Јас Го познавам Отецот; и животот Свој го полагам за овците Свои. И други овци имам, што не се од ова трло, и нив треба да ги приберам; и ќе го чујат гласот Мој и ќе биде едно стадо и еден пастир.“

Причесен: Праведниот останува во вечен спомен, од лоши гласови нема да се исплаши (Алилуја, 3 пати).

# Акатист на Св. Јован Шангајски и Санфранциски

## Кондак 1

Избран чудотворецу и особен Христов угоднику, ти на целиот свет му излеваш непресушен поток на духовно раководство и множество на прекрасни чудеса; затоа со љубов те фалиме и ти повикуваме: Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Икос 1

Како ангел во тело те објави во последните времиња Создателот на сѐ, за да се грижиш за земните луѓе помаган од милоста Божја. Гледајќи ја убавината на твоите добродетели, преблажен Јоване, вака ти воскликнуваме:

Радувај се, уште во раното детство се украси со благочестие;

Радувај се, со страв и трепет волјата Божја ја исполнуваше;

Радувај се, објавителу на Божјата благодат преку тајни добри дела;

Радувај се, брз услишителу на оние кои се во неволја;

Радувај се, полн со љубов си итал кон ближните за нивно спасение;

Радувај се, радост на сите кои со вера се поклонуваат пред тебе;

Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Кондак 2

Гледајќи ги твоите добродетели кои обилно се излеваат, светителу славен Јоване, ние духовно се просветуваме; ти како живоносен извор со Божјите чуда нè напојуваш нас, кои верно повикуваме кон Бога: Алилуја!

## Икос 2

Имајќи ум полн со љубов и богословие, богомудри Јоване, ти, умудрен со познанието Божјо и украсен со љубов кон страдалните, нè научи да Го познаеме со љубов вистинскиот Бог, та и ние во умиление да ти повикуваме:

Радувај се, на Православната вистина непоколеблива тврдино;

Радувај се, скапоцен саду на Светиот Дух;

Радувај се, на безбожноста и лажните учења праведен изобличителу;

Радувај се, на Божјите заповеди ревносен

исполнителу;

Радувај се, подвижнику, кој не си дозволи себе си да се одмориш на легло;

Радувај се, возљубен пастиру на стадото Христово;

Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Кондак 3

Со силата на благодатта Божја, како татко на сирачињата и наставник на младите си се јавил, воспитувајќи ги во стравот Божји и подготвувајќи ги да Му служат на Бога. Затоа, сите твои чеда, угледувајќи се на тебе, во благодарност повикуваат кон Бога: Алилуја!

## Икос 3

Навистина треба од небесата песни да ти се воспеваат, а не од земјата, оче Јоване, бидејќи нашите зборови не се доволни во однос на делата твои. Сепак, принесувајќи Му на Бога од она што имаме, вака ти извикуваме:

Радувај се, ги заштитуваше чедата свои со непрестајна молитва;

Радувај се, секогаш го бранеше стадото свое со крстниот знак;

Радувај се, твојата љубов не знаеше за разлики меѓу народите;

Радувај се, сесветол светилнику, возљубен од сите;

Радувај се, примеру на милосрдие и молитва непрестајна;

Радувај се, подателу на духовна утеха на оние на кои им е потребна;

Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Кондак 4

Оптоварени со бура на опасности, не знаеме како достојно да те пофалиме, блажени Јоване. Си патувал до краиштата на земјата, за да го спасиш твоето стадо и да им го благовестиш Евангелието на оние во темнина. Благодарејќи Му на Бога за апостолските трудови твои, кон Него извикуваме: Алилуја!

## Икос 4

Иближните и оние далечните слушнаа за величието на твоите чудеса, кои по милоста Божја се јавуваат до денешно време. Затоа, восхитувајќи Му се на Бога Кој во тебе се прослави, со стравопочит ти повикуваме:

Радувај се, просветителу на оние во темнината на неверието;

Радувај се, ги водеше луѓето твои од далечниот Исток до Западот;

Радувај се, извору на чудеса, кои од Бога се изливаат;

Радувај се, ти кој со љубов заблудените ги вразумуваш;

Радувај се, брз утешителу на оние што за своите гревови се каат;

Радувај се, патеводителу на оние што одат по правиот пат;

Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Кондак 5

Си се покажал како од Бога дарена светлина, што ги запира свирепите бури, о, свети Архиерeју, спасувајќи ги со твоите молитви и заштитувајќи ги со крстниот знак жителите на островот Тубабао од смртоносните ветрови. Научи нè и нас кои те повикуваме на помош, о, свет чудотворецу, со смелост да викаме кон Бога: Алилуја!

## Икос 5

Сите кои се надеваа на тебе во очајни околности и несреќи најдоа избавување, о смел посреднику пред претстолот Божји. Затоа се надеваме на твоето посредништво пред Бога и ти воскликнуваме:

Радувај се, прогонителу на опасните стихии;

Радувај се, со молитвата твоја нè избавуваш од потреби;

Радувај се, неуморно им даруваш леб на гладните;

Радувај се, на бедните им приготвуваш изобилие;

Радувај се, утешителу на натажените;

Радувај се, брзо исправување на паднатите;

Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Кондак 6

Како нов Мојсеј, кој, иако бавен во зборот проповедаше спасение, си се јавил преблажен Јоване, изведувајќи го својот народ од ропството на безбожните. Избави нè и нас од ропството на гревот и од невидливите непријатели, та и ние со радост да Му воскликнуваме на Бога: Алилуја!

## Икос 6

Сјаејќи во праведноста твоја, го направи невозможното, о добар пастиру: ја убеди власта од овој свет да се смилува на твоето стадо. Затоа и ние со нив благодарно ти воскликнуваме:

Радувај се, добар пастиру, кој за твоето заскитано стадо приготви мирно пристаниште;

Радувај се, покажа најголема грижа за децата и болните;

Радувај се, верен помошнику на сите кои ти повикуваат усрдно;

Радувај се, во изобилие се покажа силата Божја во твоето немоќно тело;

Радувај се, ти кој нападите на неправедните ги разурнуваш;

Радувај се, ти кој ги истребуваш лагите и вистината ја објавуваш;

Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Кондак 7

Сакајќи достојно да ги прославиш древните светии на Западот во земјите кои отпаднаа од Вистината, си воспоставил нивно почитување во Православната Црква, о љубителу на светиите од Исток и Запад. Со нив денес на Небесата моли се за нас, кои на Земјата пееме: Алилуја!

## Икос 7

Те гледаме како новоизбраник Божји, кој во последните времиња како еден од светителите на древната Галија се јави, поттикнувајќи го стадото твое да ја сочува истата Православна вера што и тие ја исповедаа, восхитувајќи ги народите на Западот со својот свет живот. Сочувај нè да пребиваме во истата вера и ние кои ти воскликнуваме:

Радувај се, во чудата и аскетските подвизи нов Мартине;

Радувај се, во исповедањето на Православната вера нов Германе;

Радувај се, во Божественото Богословие нов Иларие;

Радувај се, во почитувањето и прославувањето на Божјите угодници нов Григорие;

Радувај се, нов Фавсте, во усрдноста монашка;

Радувај се, нов Кесарие, во цврстата љубов кон правилата на Божјата црква;

Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Кондак 8

Чудесна глетка пред тебе се јави: во Новиот Свет, поранешното твое стадо го сретна, натажено од многу тешкотии. Таму беше повикан да претрпиш прогонство и со своето трпение, праведност и поучувања да го водиш стадото. И ја подигна црквата на Мајката Божја, Радост на Сите ожалостени. Восхитувајќи се сега на твоето трпение и смирение, благодарно Му восклинуваме на Бога: Алилуја!

## Икос 8

Целиот давајќи Му се себеси на Христа, о, работнику на Христовото лозје, ти не знаеше за одмор дури до крајот на твојот многустрадален живот; помогни ни нам недостојните, во нашите трудови и во напорите да Му сме верни на Христа, та славејќи те да ти воспеваме:

Радувај се, ти кој до крај претрпи и стекна спасение;

Радувај се, пред иконата на Божјата Мајка да се упокоиш беше удостоен;

Радувај се, среде неправедните гонења, на правдата беше мажествен пазител;

Радувај се, до крај му служеше на своето стадо и се упокои седејќи, како архиереј;

Радувај се, по смртта со чудесното твое враќање стадото го утеши;

Радувај се, со многу чуда ги обдаруваш оние кои со вера и љубов пристапуваат кон твоите мошти;

Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Кондак 9

Целата ангелска природа се зарадува на вознесувањето на твојата душа кон небесните живеалишта, а ние, восхитувајќи им се на твоите чуда на земјата, јавени преку делувањето на Светиот Дух, Му пееме на Бога: Алилуја!

## Икос 9

Говорниците не можат со своите красноречиви зборови достојно да го опишат твојот свет живот, о праведен оче Јоване, бидејќи ти си бил живеалиште на благодатта на неискажливиот Бог; ние, пак, не можеме да премолчиме гледајќи го со восхит „чудото јавено во ова наше маловерно време“ и вака те прославуваме:

Радувај се, Божествена палато од која заповедите на Добриот Цар се даваат;

Радувај се, во твоето понизно дејствување ангели со тебе сослужуваа;

Радувај се, ти кој стекна вечно, нераkотворно живеалиште на Небесата;

Радувај се, болницо во која секоја болест Божествено се лекува;

Радувај се, ризницо на тајниот молитвен подвиг;

Радувај се, осветен храму на Светиот Дух;

Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Кондак 10

Сакајќи да го спаси светот, Спасителот на сите, ни испрати нов светител и преку него нè повика од мрачната бездна на гревот. Слушајќи го овој повик на покајание, ние, недостојните, на Бога Му повикуваме: Алилуја!

## Икос 10

Тврдина си што нè заштитува од несреќи, о, оче Јоване, зашто преку твоето небесно застапништво се избавуваме од нападите на демонските страсти и од несреќите што нè напаѓаат на земјата. Пред твојата силна молитвена поткрепа со вера извикуваме:

Радувај се, со тебе слепите прогледуваат;

Радувај се, со силата на молитвата им даваш живот

на оние во смртна постела;

Радувај се, со премудроста Божја збунетите и колебливите ги просветуваш;

Радувај се, спасоносна росо на оние што горат во огнот на жалоста;

Радувај се, возљубен татко на сираците и напуштените;

Радувај се, на трагателите по Вистината свет учителе;

Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Кондак 11

Со мислите, зборовите и делата непрестајна химна на Пресветата Троица си ѝ принесувал, преблажен Јоване. Со огромна мудрост ги објасни правилата на вистинската Вера, учејќи нè со вера, надеж и љубов да Му пееме на Единиот Бог во Троица: Алилуја!

## Икос 11

Те гледаме како светлоносен светилник на Православието кој на оние во темнината на незнаењето им се јави, добар пастиру на Христовото стадо. Така, и по твоето упокојување, си им ја откривал Вистината на оние кои нè ја познаваат, просветлувајќи ги душите на верните, кои ти повикуваат вака:

Радувај се, со Божествена мудрост ги просветуваш оние што пребиваат во неверие;

Радувај се, божилак на тивка радост си за кротките;

Радувај се, грому за оние, во гревот непопустливите;

Радувај се, мољьо што ги согоруваш ересите;

Радувај се, пороен дожду на догматите на Православието;

Радувај се, росо на Богомислието;

Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Кондак 12

Со побожност и благодарност ја примаме благодатта што ти беше дадена од Бога, сефален оче Јоване. Прославувајќи ги чудата на светиот архиереј, кој некогаш меѓу нас чекореше, Му пееме на Бога: Алилуја!

## Икос 12

Пеејќи пофалба на Бога, небесниот хор на светиите се радува зашто Господ не го заборави паднатиот и безверен свет, и ја покажа Својата семоќна сила во тебе, кроткиот и смирен слуга. О, блажен Јоване, и ние со сите светии радувајќи се вака те прославуваме:

Радувај се, нова ѕвездо на праведност што засветли

на небото;

Радувај се, нов пророку кој беше пратен пред конечното зацарување на злото;

Радувај се, како Јона сите за цената на гревот ги предупредуваше;

Радувај се, како Крстителот сите на молитва и покајание ги повикуваше;

Радувај се, како Павле претрпе многу заради Евангелието и проповедањето на верата;

Радувај се, нов апостолу, чии чуда со вера и страв Божји нѐ исполнуваат;

Радувај се, светителу оче Јоване, брз помошнику во бедите!

## Кондак 13

Опресветол и прекрасен угоднику Божји, светителу оче наш Јоване, утехо на сите ожалостени, прими го ова наше молитвено принесување, та со твоите молитви кон Бога од огнената геена да се избавиме и со богопријатното твое застапништво на Бога да се удостоиме да Му пееме во вечни векови: Алилуја!

*Овој кондак се кажува трипати,потоа повторно Икос 1 и Кондак 1 се повторуваат*

## Молитва прва

О, чудесен светителу Јоване, толку си го распространил срцето свое, за да го сместиш мноштвото почитувачи од различни народи и племиња. Погледни на сиромаштвото на нашите зборови, кои, сепак, со љубов ти ги принесуваме, и помогни ни, светителу Божји, да се очистиме од сите нечистотии на телото и духот, трудејќи се за Господа со страв и радувајќи се во Него со трепет. Со што да ти возвратиме за радоста што ја почуствувавме, гледајќи во светиот храм на твоите свети мошти и славејќи го твојот спомен? Навистина, немаме со што да ти возвратиме, освен ако ги промениме нашите животи, станувајќи нови луѓе. Биди застапник на оваа благодат на обновување, светителу Јоване; помогни ни во нашите слабости; излекувај ги нашите болести; излекувај ги нашите страсти со твоите молитви. Ти кој се пресели од овој привремен живот во оној вечниот, во кој те упати Пречистата Владичица, Патеводителка на руската дијаспора, со Својата чудотворна икона Коренокурска, Чиј придружник беше ти на денот на твоето упокојување. Сега се радуваш заедно со хорот на светиите, славејќи Го Единиот во Троица прославен Бог, Отецот, и Синот и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови. Амин.

## Молитва втора

О, светителу оче наш Јоване, добар пастиру и тајновидец на срцата и човечките умови! Сега се молиш пред Божјиот Престол, како што и сам

посмртно си рекол: „Иако умрев, сепак сум жив“. Помоли Го семилостивиот Бог да ни дарува прошка на нашите гревови, та вразумувајќи се, да повикаме кон Бога, просејќи  да ни се даде дух на смирение, страв Божји и побожност во сите патишта на нашиот живот. И како што милостив наставник на сираците и искусен воспитувач на земјата беше, биди ни сега патеводител и Христово вразумување среде Црковните несогласувања; услиши ги воздишките на збунетата младина од нашето изопачено време, изложено на бурата на злобното беснило, и милостиво погледни на потиштеноста на нашите пастири, кои изнемоштени од нападите на нечестивиот дух на овој свет венеат во мрзелива рамнодушност. Побрзај со молитвата, плачејќи ти повикуваме, о усрден молитвенику; посети нè нас, сираците, расејани по лицето на целата вселена и во нашата татковина, заскитани во темнината на страстите, кои, сепак, преку нашата слаба љубов сме привлечени кон Христовата светлина и ја очекуваме твојата татковска грижа; и така, стекнувајќи побожност, да се јавиме наследници на Царството Божјо, каде што пребиваш ти со сите светии, славејќи Го нашиот Господ Исус Христос, Кому Му прилега чест и власт, сега и секогаш и во вечни векови. Амин!

# СОДРЖИНА

Служба на светиот отец наш Јован, архиепископ Шангајски и Санфранциски, Чудотворец ............................ 1

Акатист на свети Јован Шангајски и Санфранциски .................................................. 31